Квалитет на животот

# Економските ефекти од корона-кризата

Целта на оваа публикација е да стави под светло податоци за квалитетот на животот во Северна Македонија. Публикацијата е ад-хок и се темели на анкетни и административни податоци.

Број 3
Април 2020

Три четвртини од вработените и компаниите во Северна Македонија се погодени од економската криза предизвикана од ширењето на Ковид-19. Состојбата кај самовработените и микро-бизнисите е дополнително критична. Најчест механизам што го примениле работодавачите за прилагодување на корона-кризата е намалување на платата и прекинување на секакви дополнителни исплати. Невработените изгубиле надеж дека ќе најдат работа, а доходот во нивното домаќинство се намалил. Повремените приходи прекинале кај невработени со инцидентни работни ангажмани. Најголем дел од населението може да издржи најмногу до три месеци во тековните економски околности, а главниот механизам за справување со економската криза е сведување на потрошувачката на минимум.



financethink.mk
/FinanceThink
/company/finance-think

FINANCE THINK OUT OF THE BOX
HR EXCELLENCE IN RESEARCH

## Три четвртини од компаниите и вработените се погодени од ширењето на Ковид-19

Иако корона-кризата започна да се чувствува во неколку економски сектори – првенствено туризмот, угостителството и малопродажбата – за кратко, таа се прошири низ целата економија. 75.9% од испитаниците одговориле дека компанијата во којашто работат е погодена од корона-кризата. Да забележиме дека ова прашање не ги опфати самовработените (видете подолу). Со оглед дека оваа анкета ги испитуваше перцепциите на граѓаните, за одбележување е и дека 12.8% од испитаниците одговориле дека не знаат дали корона-кризата ја погодила компанијата во којашто работат. Од испитаниците кои одговориле дека компанијата во којашто работат е погодена од корона кризата, голем дел одговориле дека тоа е поради мерките на државата со кои се наложи затворање одредени компании (на пример, компании од малопродажбата кои оперираат во трговските центри) и/или затоа што нивниот промет значително опаднал, 43.1% и 41.5%, соодветно (График 1). Значаен е и процентот на компаниите кои имале проблем да ги пласираат своите производи, и тоа најчесто се однесува на извозно-ориентираните компании, чиј пласман беше откажан од купувачите (вклучително и од компаниите мајки) во странство и/или кои беа засегнати од отежнатиот транспорт. Отежнатото функционирање поради тоа што значаен контингент работници заминале на боледување со цел грижа за деца до 10-годишна возраст не е идентификувано како особено значаен начин на кој економската криза ја погодила компанијата, иако овој одговор може да е пристрасен поради тоа што е даден од перспектива на вработените.

**График 1**
На кој начин економската криза ја погоди фирмата во која работите?
*(можни повеќе одговори)*




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*

Поважниот економски ефект од корона-кризата, кога тој се мери од перспектива на вработените, е како таа се одразила врз нивниот работен однос. 78.3% од вработените одговориле дека со корона-кризата се погодени лично. График 2 покажува дека најчестиот начин на кој работодавачите одговориле на корона-кризата во првиот месец од нејзината појава е преку намалување на платата на вработените (25.6%), но одговори од слична големина се и соопштувањето дека веројатно ќе следува намалување на платите и/или отпуштања, како и запирањето на дополнителните примања. Ова покажува дека првиот одговор на работодавачите на корона-кризата веројатно не бил отпуштање работници. Сепак, 10.8% од вработените одговориле дека биле отпуштени од работа.

**График 2**
На кој начин економската криза Ве погоди Вас лично?
*(можни најмногу 3 одговори)*




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*



## 90% од самовработените се погодени од ширењето на Ковид-19

За разлика од вработените, самовработените (без оглед дали станува збор за самостоен вршител на дејност или самовработен кој вработува и други лица), се особено тешко погодени од корона-кризата, со оглед дека 89% од нив изјавиле дека таа го погодила нивниот микро-бизнис. Графикот 3 покажува дека микро-бизнисот се соочил со значаен пад на прометот (54.9%), и/или со привремено затворање (49.3%). Овие проценти се нешто повисоки од оние кај другите компании (График 1), што покажува дека иако начините на кои компаниите и микро-бизнисите биле погодени се исти, магнитудата кај вторите е поголема. Значаен дел од микро-бизнисите посегнале по заштеди (18.3%).

**График 3**
На кој начин економската криза Ве погоди Вас и Вашиот бизнис?
*(можни повеќе одговори)*




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*

## Од корона-кризата се погодени и невработените

И покрај тоа што фокусот на носителите на политиките и јавната дебата по избувнувањето на корона-кризата беше ставен врз компаниите и вработените, кризата е особено значајна и за невработените лица. Да напомeнеме дека правиме разграничување на невработени лица (оние кои немаат и бараат работа) и лица кои се изјасниле за невработени но кои работеле некаква работа инцидентно (што вклучува и неформална работа во сивата економија). Графикот 4 покажува дека корона-кризата главно ги еродирала надежите за наоѓање работа кај навработените, проследено со намалување на доходот во домаќинството од кој и тие се издржувале. За разлика од нив, главниот удар врз невработените кои имале инцидентни работни ангажмани е преку намалениот или прекинат повремен доход, проследено со намалените надежи дека државата ќе помогне на каков било начин.

**График 4**
Како економската криза се одрази врз Вас лично?
*(можни најмногу 2 одговори)*




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*



## Вработените во јавната администрација и пензионерите, главно, солидарни во однос на товарот од корона-кризата

Скоро половина од испитаниците вработени во јавната администрација (График 5) и од испитаниците пензионери (График 6) покажале подготвеност за кратење на нивните примања под налетот на корона-кризата. Дополнителни 23% од вработените во јавната администрација и 18% од пензионерите укажаа дека не се согласуваат со кратења, но стравуваат дека до тоа ќе дојде. Сепак, треба да се забележи дека по околу една петтина од двете групи не се согласуваат да сносат дел од економскиот товар на корона-кризата.



**График 5**
Како вработен во јавниот сектор:




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*

**График 6**
Во услови на оваа економска криза, вашите пензии:




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*

## Со моменталните околности - работа, плата, заштеда, доход во семејството – најголем дел од граѓаните може да издржат до 3 месеци

Високи 70% од граѓаните одговориле дека во моменталните околности на економска криза предизвикана од ширењето на Ковид-19, би можеле да издржат најмногу 3 месеци (График 7).



Притоа, скоро две третини од испитаниците одговориле дека месеците под удар на корона-кризата ќе ги издржат преку сведување на потрошувачката на минимум (График 8) и/или преку посегање по заштедите (34.1%). Не е за занемарување и четвртина од населението кои очекуваат државата да им помогне, а изненадувачки е мал процентот (14.9%) на оние кои се подготвени да прифатат каква било работа со цел надминување на кризата со доходот во домаќинството. 12.5% одговориле дека ќе ги преживеат месеците без да преземаат каква било акција.

**График 7**

Доколку економската криза потрае, колку долго (во месеци) може да издржите имајќи ги предвид моменталните лични околности




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*

**График 8**

Како ќе ги издржите овие месеци?
*(можни најмногу 3 одговори)*




*Извор: Интернет анкета спроведена од Finance Think во периодот од 6 до 14 април 2020 година, на хетероген примерок од 520 испитаници и маргина на грешка од 4.1%. Селективност е можна.*

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

HR EXCELLENCE IN RESEARCH

**Finance Think е независен и непрофитен институт за економски истражувања и политики**

Ул. Фредерик Шопен 1/2
1000 Скопје,
Северна Македонија
www.financethink.mk

+389 2 6156 168
info@financethink.mk